**20260801218**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21 и 124/25), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 април 2026 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ МОЖНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува продолжување на рокот за постоење на кризна состојба утврдена во Одлуката за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 59/26) до 20 јули 2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 21 април 2026 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 2775/1
16 април 2026 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши**, с.р.